Врз основа на член 20, став 3, алинеја 6 од Статутот на Фармацевтската комора на Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 65/12), Собранието на Комората на седницата одржана на 23. 3. 2016 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на стручен надзор над работата на здравствените работници и здравствените установи од областа на фармацијата

### Член 1

Во Правилникот за спроведување на стручен надзор над работата на здравствените работници и здравствените установи од областа на фармацијата („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2014) член 5 се менува и гласи:

„Извршниот одбор на Комората ги именува вршителите на стручниот надзор од предлог-листата поднесена од Комисијата.

За вршители на стручниот надзор можат да бидат именувани фармацевти кои ги исполнуваат следните услови:

- Специјализација во некоја област од фармацијата или магистериум како научно звање, најмалку 5 години работно искуство во соодветна здравствена установа и лиценца за работа, или
- Најмалку 10 години работно искуство во соодветна здравствена установа и лиценца за работа,

Вршителите на стручниот надзор се именуваат за период од три години и можат повторно да бидат именувани“.

### Член 2

Овој Правилник стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

23. 3. 2016

Фармацевтска комора на Македонија

Претседател на Собранието на Комората

_______________________________________

дипломиран фармацевт - Влатко Јордановски